**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул.„Маршал Тито бр.70А Градско
Тел: +38943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mk gradsko1@t.mk www.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 04-213/13
30.04. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија " бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република северна Македонија" бр.275/19,14/20, 112/20, 215/21 и 99/22), а во врска со објавениот интерен оглас број 01/2026 од 23.04.2026 година за унапредување на административен службеник во Општина Градско и доставената финална ранг листа од интервјуираните кандидати со предлог одлуката за избор на прво рангираниот кандидат, Градоначалникот на општина Градско донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник во Општина Градско

1. По интерниот оглас бр.01/2026 објавен на ден 23.04.2026 година за унапредување на административен службеник во Општина Градско се избира кандидат: Даниела Димитрова за работно место под реден број 1,УПР 01 01 В01 000 Советник за водење на постапка за јавна набавка во Одделение за правни,општи работи и јавни дејности.
2. Именуваната ке биде унапредена на работното место од став 1 на оваа Одлука во рок од пет дена по конечноста на истата.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

На ден 23.04.2026 година на веб страната на Општина Градско и на веб страната на Агенцијата за администрација е објавен интерен оглас бр.01/2026 за унапредување 1(еден) административен службеник во Општина Градско.

Со Решение 04-219/9 од 24.04.2026 година е формирана комисија за селекција за унапредување на административни службеници во Општина Градско.

Комисијата за селкција за унапредување на административни службеници спроведе административна селекција и состави Записник бр.04-219/10 од 29.04.2026 година по што спроведе интервју со уредниот кандидат за работното место под реден број 1 УПР 01 01 В01 Советник за водење на постапка за јавна набавка во Одделение за правни,општи работи и јавни дејности за што изготви Записник број 04-219/11 од 29.04.2026 со Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати број 04-219/12 и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат, по што следуваше Градоначалникот на општина Градско да изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

Доставено до :
- кандидатот за унапредување
-архива